# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **09 Октомври 2015 година Скопје Бр.12 Год.X** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. ***Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во прво шестомесечие на 2015 година...............................2***
2. ***Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2014/2015 година.......................................................................4***
3. ***Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2015/2016 година.......................................................................6***
4. ***Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм во УЗ Даме Груев-Општина Ѓорче Петров...........................................................................................................8***


**Октомври 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во прво шестомесечие на 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во прво шестомесечие на 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и втората Седница на Советот, одржана на ден 09.10.2015 година.

**Број 09-2798/1**
**од 09.10.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција ("Службен Весник на Р.М. бр. 114/06, 6/11, 145/12, 41/14, 33/15) и член 16 став 1 точка 28 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та Седница, одржана на ден 09.10.2015 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во прво шестомесечие на 2015 година**

1. Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во прво шестомесечие на 2015 година.

2. Овој Заклучок ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2651/3**
**од 09.10.2015 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје за 2014/2015 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје за 2014/2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесет и втората Седница на Советот, одржана на ден 09.10.2015 година.

**Број 09-2798/2**
**од 09.10.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та Седница одржана на ден 09.10.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица",**
**за период од 2014/2015 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" за период од 2014/2015 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2651/4**
**Од 09.10.2015 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2015/2016 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2015/2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесет и втората Седница на Советот, одржана на ден 09.10.2015 година.

**Број 09-2798/3**
**од 09.10.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та Седница одржана на ден 09.10.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за период од 2015/2016 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за период од 2015/2016 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2651/5**
**Од 09.10.2015 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм во УЗ Даме Груев-Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм во УЗ Даме Груев-Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесет и втората Седница на Советот, одржана на ден 09.10.2015 година.

**Број 09-2798/4**
**од 09.10.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија,“ број  05/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та седница, одржана на ден 09.10..2015 година,  донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм во УЗ Даме Груев-Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Скопската православна епархија (СПЕ) при Македонската православна црква (МПЦ), се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм во УЗ Даме Груев-Општина Ѓорче Петров, на КП 2415/3, КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, Г.П. 1.2., Детален Урбанистички План дел од УЗ Даме Груев УБ 1, Општина Ѓорче Петров.

Ослободувањето од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се однесува за делот во висина од 40% наменет за Општина Ѓорче Петров - Скопје.

**Ч л е н 2**

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на Скопската православна епархија.

**Ч л е н 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

**Број 08-2651/6**
**Од 09.10.2015 год.**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**